Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 233/6306
15.05 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 9 мај 2019 година, врз основа на примена жалба од Агенцијата за аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

Временската застапеност на политичките партии во медиумите не е во доменот на надлежностите на Комисијата за жалби

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 19 април 2019 година, прими жалба од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ) за начинот на известување на Телевизија „Сонце“ (www.tv-sonce.com) во периодот од распишување до почетокот на изборната кампања на претседателските избори 2019 година.

Во жалбата се наведува дека Агенцијата извршила надзор на вестите на ТВ „Сонце“ во 18 часот, емитувани во периодот од 9 февруари до 31 март 2019 година и констатирала дека медиумот ѝ отстапил прекувремена видливост на политичката партија „Македонска алијанса“, чиј претседател Ѓорѓија Џорџ Атанасовски е сопственик на Телевизијата. Според извештајот на Агенцијата било утврдено дека ТВ „Сонце“ за партијата Македонска алијанса издвоила 1 час 18 минути и 25 секунди, што како што се потенцира, било повеќе од вкупното време што го добиле сите други политички партии и кандидати заедно.

Во прилог на жалбата до Советот за етика, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го достави и Извештајот за извршениот програмски надзор на вестите на ТВ „Сонце“ во споменатиот период.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и се прогласи за ненадлежна да постапува по претставката.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 9 мај 2019, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот. Членовите на Комисијата веднаш заклучија дека немаат надлежност да реагираат и постапуваат во однос на временската застапеност на политичките партии во медиумите. Нивна надлежност е единствено да утврдуваат дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

При одлучувањето, Комисијата го зеде предвид и објаснувањето на подносителот на претставката дека жалбата не се однесува на содржинскиот дел од спорниот материјал, туку, единствено, на прекувремената застапеност на политичката партија „Македонска алијанса“ во информативните изданија на „ТВ Сонце“.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595